Овој проект е финансиран од Европската Унија

# АНАЛИЗА НА АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ 2024

Истражување за моменталната состојба на животната средина

Струмички микро регион —

**Електронско издание:**

Препораки и предлог решенија за заштита на животната средина во рамки на проектот “Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание”

**Автор и издавач:**

Центар за истражување и анализи НОВУС - Струмица

**Дата и место на издавање:**

Мај, 2024 година, Струмица

Оваа анализа е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија“. Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.
Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Здружението Центар за истражување и анализи НОВУС и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.

СОДРЖИНА


ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

- Општина Струмица
- Општина Босилово
- Општина Василево
- Општина Ново Село

КЛУЧНИ НАОДИ

- Генерален заклучок од анкетното истражување
- Генерални заклучоци и препораки за општина Струмица
- Генерални заклучоци и препораки за општина Босилово
- Генерални заклучоци и препораки за општина Василево
- Генерални заклучоци и препораки за општина Ново Село
- Генерални препораки и завршни согледувања за состојбата на животната средина во Струмичкиот микро-регион

АНЕКС I – АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Оваа анализа е изготвена во рамките на проектот "Одржлива синергија за колективно еко влијание'' спроведуван од страна на Центарот за истражување и анализи НОВУС, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини“, имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина Гоу Грин Скопје, Центарот за климатски промени и Здружението на млади Креактив, финансиски поддржан од Европската унија

Документот содржи препораки за подобрување на актуелната состојба на животната средина, транспарентноста на локалните самоуправи во однос на вклучување на граѓаните во процесите на носење и имплементирање одлуки и програми наменети кон подобрување на животната средина, како и препораки за зголемување на ангажираноста и интересот на локалното население од општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село кон зачувување на животната средина.

Овие препораки ќе придонесат кон подигање на свеста кај граѓаните, граѓанските организации како и институциите за значењето на меѓусебната соработка и партнерства, искористувајќи ги колективните напори за справување со еколошките предизвици и постигнување заеднички цели од бенефит со цел создавање поздрава животна средина и промовирање на поотпорно и просперитетно општество како целина.

## МЕТОДОЛОГИЈА

За подготовка на Анализата, се употреби комбиниран методолошки пристап за собирање на податоци, документација и анализа. Изработената анализа има за цел да ги постигне следните истражувачки цели:

- Да се идентификуваат приоритетните еколошки проблеми во рамките на четирите општини – Општина Струмица, Општина Босилово, Општина Василево и Општина Ново Село;
- Да се истражи ангажираноста и интересот на локалното население кон зачувување на животната средина во овие четири општини;
- Да се направи анализа на транспарентноста на локалните самоуправи во вклучувањето на граѓаните во процесите на носење и имплементирање на одлуки и програми за подобрување на животната средина;
- Идентификување на можностите за подобрување на свеста кај граѓаните и за зголемување на нивната улога и ангажман во заштитата на животната средина.

Со цел да се постигнат горенаведените истражувачки цели, користени се следните квалитативни и квантитативни истражувачки методи:

**Канцелариско истражување-** преку канцеларискотo истражување се анализираше домашното законодавство но и постоечките програми политики и мерки на локално ниво кои се однесуваат на управување сегменти од делот на заштита на животната средина, локални еколошки акциони планови и слично.

**Наоди од одржани фокус групи**- со цел прибирање на податоци и истражување на јавното мислење се одржаа две фокус групи . Првата фокус група беше одржана со претставници на невладини организации кои во фокус на својата работа се фокусираат на предизици и заштита на животната средина додека па втората фокус група беше составена од претставници на граѓани од четирите општини- Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

**Наоди од спроведено теренско анкетирање-** За да се спроведе анкетирањето неопходно е претходно да се одлучи каков ќе биде примерокот на истражување. Имајќи предвид дека станува збор за поширока таргет група, природата на квантитативното истражување се спроведе со граѓани на возраст над 18 години кои живеат на териториите на општините Струмица Василево, Босилово и Ново Село опфаќајќи ги руралните и урбаните средини. За спроведување на истражувањето, се користење методот на случаен избор како алатка за испитување на јавното мислење. Прашалникот се состоеше од вкупно четири секции поделени по општина на живеење на испитаниците, со пет демографски прашања и четиринаесет тематски прашања по општина, од кои имаше сооднос на отворени, полуотворени и затворени прашања. Анкетата се спроведе на македонски јазик и анонимно, во текот месец декември 2023 и јануари 2024г., преку поставување на истата во електронска верзија на онлајн платформите (фејсбук и инстаграм), веб страната на ЦИА НОВУС, и на терен во населените места во спомenатите општини со цел опфаќање поширока таргет група. Анкетирањето имаше за цел да обезбеди вкупен примерок од 150 испитаници, од кои 60 испитаници од општина Струмица како најголема општина која опфаќа рурални и урбана средина, и по 30 испитаници од останатите три општини. Преку онлајн и теренското анкетирање беа анкетирани вкупно 198 испитаници, со цел објективна идентификација на перцепциите, грижите и приоритетите на членовите на локалните заедници поврзани со еколошките прашања .

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во однос на генеричките прашања наменети за обезбедување на демографски податоци, френквентноста на застапеност на лицата во анкетата во однос на пол, возраст, национална припадност, местото на живеење е следна:

Анкетата е спроведена на вкупно 198 испитаници,од кој застапеноста во однос на пол е 49% мажи и 50% жени и 0,5% испитаници кои одбиле да се идентификуваат во однос на ова прашање.

Во однос на возрасната граница најголема застапеност на возраст по испитаниците имаме од групите 18 – 25 години со 35% и 26 – 35 години со 26%, а додека останатите возрасни групи имаат релативно еднаква застапеност. Ваквата поставеност на возрасните групи можеби и делумно влијае и тоа што од двете возрасни групи со најголема заради промоцијата на социјални медиуми и онлајн анкетирањето, а додека повозрасните групи релативно беа анкетирани на терен од страна на ангажираните анкетари.




Во однос на застапеноста рурални – урбана средина вкупно за четирите таргет општини имаме застапеност од 49% урбана средина и 51% граѓани од рурална средина.

## ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Генерален заклучок од одговорите и повратните информации добиени од конституентите е дека истите многу малку се информирани и вклучени во процесите на носење одлуки во делот на заштита на животната средина на локално ниво. Ова делумно се должи заради нивната неинформираност дека би можеле да се вклучат и да дадат инпут во програмите и проектите на општините. Од друга страна, конституентите во однос на прашањето „Колку заедницата (граѓаните) се грижи за животната средина?“ како и од коментарите на отворените дополнителни прашања, можеме да утврдиме дека кај повеќето од испитаниците во четирите општини, самокритичноста преовладува и одговорите дека заедницата за разлика од институциите водат помалку грижа за животната средина, што сепак покажува некое ниво на свесност кај граѓаните за еколошките предизвици со кој се соочува овој микро регион.

### Општина Струмица

Во делот на интерпретацијата на податоците собрани по таргетираните прашања кон граѓаните од општина Струмица, првото поставено прашање „Колку сте свесни за еколошките предизвици во Вашата заедница?“, дури вкупно 77,6% од граѓаните се многу

свесни или свесни за состојбата на животната средина а само мал процент од 22,4% од испитаниците одговориле дека нивната свесност е на ниско ниво.

Следното прашање, се однесуваше на избирање на најголемиот еколошки предизвик на територија на Општина Струмица при што како понудени одговори беа : губење на зелени површини и шумски области, загадување на почвата, недостаток на можности за рециклирање, загадување на водата и загадување на воздухот. Дури 91,6% од опфатените граѓани на општина Струмица со оваа анкета, одговориле дека загадувањето на воздухот е приоритетен проблем со кој се соочува заедницата[1]. Ова го потврдува и фактот што Струмица во сезоната зима 2023-2024 се најде на листата на најзагадени градови во Европа и неколку недели беше најзагаден град во Северна Македонија.[2]




Понатаму, во текот на спроведување на истражувањето, сакавме да имаме податок колку од граѓаните лично се ангажирале да се справат со еколошките предизвици во заедницата и беше поставено прашањето „Колку Вие лично сте ангажирани да се справите со еколошките предизвици во заедницата?". Врз основа на добиените резултати, добивме заклучок дека 10.3% од испитаниците воопшто не се ангажирани за да се справат со еколошките предизвици додека пак 17.8% од испитаниците –жители на општина Струмица

[1] Наоди од спроведена фокус група одржана во рамки на овој проект со претставници од еко здруженија од микро-регионот, потенцираат на загриженоста поради високата загаденост на воздухот во микро-регионот и на потребата од едукација и акција за справување со овој проблем. Предложените иницијативи како обука на младите, набавка на мерни станици и дронови за мониторинг на загадувачите, како и создавање на мобилна апликација за пријавување на аерозагадување, го демонстрираат општото признание дека потребно е активно учество на сите нивоа на заедницата за решавање на овие проблеми.

[2] Во овој период воздухот во Струмица се движеше со просечни 280 микрограми на метар кубен ПМ 10 честички, а на моменти и достигнување и од 679 микрограми на метар кубен ПМ 10 честички.
https://4news.mk/strumitsa-vecherva-dishe-enormno-zagaden-vozduh/
https://sitel.com.mk/strumica-vecherva-najzagaden-grad-vo-republika-makedonija
https://telma.com.mk/2024/03/30/strumicza-e-najzagaden-grad-vo-makedonija-izveshtaj-na-shvajczarskata-kompanija-iqair/

одговориле позитивни дека лично се ангажирале да се справат со еколошките предизивици во локалната заедница во која живеат.

Од личната ангажираност на граѓаните, понатаму беше разгледувано мислењето за изјавата „Дали мислите дека заедницата (граѓаните) прави доволно за одржување на здрава животна средина?“, на што 88% одговориле дека **заедницата (граѓаните) НЕ се грижи** доволно за животната средина, со Да одговориле 8,4%, а додека 0,9% од испитаниците одговориле дека постојат други групи, организации и здруженија кои се грижат за животната средина и исто така 0,9% од конституентите одговориле дека заедницата може подобро и повеќе да се грижи за животната средина.

Оттука последователно на претходните прашања, им оставивме простор на анкетираните граѓани да дадат свој придонес и предлог за подобрување на еколошката состојба во нивното место на живеење, за кое добивме 53 одговори. Подолу издвојуваме неколку генерални заклучоци од испитаните граѓани.

*„Изработка на урбанистички план од компетентни и стручни лица, инспекциски надзор на производителите на зелени производи во околните населени места и општини, инспекциски надзор над производителите на мебел и други дрвени производи. Кампањи и едукација за важноста на рециклирањето и селектирањето. Опрема за рециклажа.“*

*„Поставување канти за отпади на прометни места (недостигаат на прометни места ), воведување на т.н. "селектирање отпад" (барем за стакло, хемикалии, храна) зголемени патролни и позорни активности на службените на места за кои постојат индиции дека се палат цврсти материи, гуми, разни отпадоци кои доведуваат до таа состојба во која се наоѓа воздухот во Струмица.(верувам дека сите од околината знаат барем по едно место каде се вршат вакви дејствија)“*

*„Подигање на свеста кај граѓаните,со зголемување на контроли и санкции“*

*„Зачестени инспекциски надзори на места каде има сомневање за согорување на штетен отпад“*

Освен личната ангажираност на конституентите и перцепцијата за ангажман на заедницата за ангажираноста за справување со еколошките предизвици, беше испитана и перцепцијата за тоа кој повеќе (не) се грижи за животната средина, односно дали се тоа

институциите или граѓаните. Оттука следуваа прашања кои беа насочени на перцепцијата како општината и институциите се грижат за животната средина и дали програмите, проектите и мерките кои ги спроведуваат истите се доволно промовирани и конституентите се запознаени или вклучени при имплементација и носење на истите.

На прашањето „Дали општината Струмица одговара на предизвиците поврзани со квалитетот на воздухот и загадувањето, како што се наведува во Акциониот план за подобрување на квалитетот на воздухот[3] и Стратегијата за енергетска ефикасност[4]?", дури 46,7% од испитаниците одговориле дека не се запознаени односно не се сигурни за постоење на Акционен план на општина Струмица за подобрување на квалитетот на воздухот и Стратегија за енергетска ефикасност, а одговор Да добивме од 6,7% од испитаниците со што добиваме генерален заклучок дека општината и институциите треба да работат повеќе за промоција и вклучување на граѓаните во овој процес.

Следствено на претходната изјава, граѓаните испитаници од општина Струмица изразиле перцепција дека се малку запознати со конкретните мерки и проекти за решавање на еколошките предизвици. Постојат значителен број на испитаници од дури 62,2% кои не се запознаени или не се сигурни за најавените мерки, што потврдува претходната перцепција за ниско ниво на информираност и учество.

Можноста граѓаните да се вклучат во процесите на одлучување и мониторирање на програмите и проектите за животната средина во општина Струмица е достапна преку механизмите како што се учество на отворени денови, форуми на заедницата кои општината ги спроведува секоја календарска година, како и директни предлози до секторите на општината. Овие модели овозможуваат на граѓаните да бидат вклучени во процесите на одлучување на локално ниво.

Сепак, добиените негативни одговори од истражувањето откриваат разлика во перцепцијата на граѓаните. Според резултатите, на прашањето 'Дали граѓаните се вклучени во процесите на одлучување и мониторирање на програмите и проектите за животната средина', 57% од испитаниците одговориле со 'НЕ', 33,6% не се сигурни, додека само 9,3% одговориле позитивно дека се запознаени со програмите и мерките на општина Струмица во овој домен.

Што се однесува на конкретни програми и иницијативи кои се преземени за подигање на свеста на локалната заедница за значењето на животната средина, голем процент од испитаниците односно 64,5% одговориле дека не се запознаени ниту со една таква програма или иницијатива на општина Струмица, не беа сигурни 29%, а сосема мал број 6,5% одговориле дека се запознаени со истите.

---

[3] Акционен план за намалување на загадувањето и  подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух

[4] Стратегија за енергетска ефикасност на општина Струмица

Генерален заклучок на резултатите од анкетата добиени од граѓаните на општина Струмица е дека институциите мора повеќе да работат на вклучување на граѓаните – локалното население во процесите на донесување на одлуки како и процесот на нивната имплементација, но и запознавање на граѓаните со проектите, програмите и мерките кои ги нудат во овој домен ги спроведува истата. Како дополнителен заклучок од во однос на овој дел можеме да издвоиме дека иако предизвиците за оваа општина се можеби нај алармантни во споредба со останатите општини, граѓаните се повеќе самокритични кога доаѓа прашањето перцепцијата кој колку (не) се грижи за животната средина, со тоа што показателот на **88%** од испитаниците одговориле дека граѓаните не се грижат добро за животната средина, споредено со истото прашање поставено во конотација на дали општината се грижи за животната средина со **46%** од испитаниците кои одговориле дека општината треба повеќе да се грижи за животната средина.

## Општина Босилово

Во споредба со испитаниците во општина Струмица, резултатите од истражувањето покажуваат дека граѓаните во општина Босилово изразиле помало ниво на свесност за еколошките предизвици во нивната заедница.

Конкретно на прашањето „Колку сте свесни за еколошките предизвици во Вашата заедница?“ кај испитаниците во општина Босилово ги добивме следните резултати:



Граѓаните на општина Босилово сметаат дека се соочуваат со исти предизвици како и тие во општина Струмица. Дури 84,4% од испитаниците ја назначиле загадениот воздух како главен проблем во нивната заедница.




Граѓаните на општина Босилово во процесот на спроведување на анкетата, ги наведоа проблемите со создавањето и постоењето на дивите депонии на територија на општината но и сериозна загриженост за можноста за отворање на рудникот за злато и бакар Иловица-Штука што би довело до повеќекратно загадување на почвата, водите, воздухот и губењето на зелените површини.[5]

Во однос на прашањето за ангажираноста на граѓаните во справување со еколошките предизвици, во општина Босилово беше забележана значителна ангажираност. Повеќето испитаници се изјасниле дека истите се ангажирани или повремено ангажирани во напорите за зачувување на животната средина, што покажува високо ниво на свест и вклученост во решавањето на еколошките проблеми.

---

[5] На 27.06.2023, Министерот за Економија Крешник Бектеши, ја поништи одлуката за спојување на концесиите на „Еуромакс ресоурцес“, со што постапката за добивање концесија се враќа на почеток. Тоа значи дека инвеститорот за првата концесија, за која Управниот суд пресуди дека била незаконски раскината од страна на Владата, ќе треба да започне нова постапка за добивање на дозвола за ископ. Втората концесија, за која процедурата за добивање на дозвола за експлоатација е се уште во тек, Владата може да ја раскине поради надминување на законските рокови. Постапката за добивање на дозвола за експлоатацијата за втората концесија на „Еуромакс ресоурцес“е започната во 2019 година. За оваа Министерството за економија се уште нема донесено конечна одлука дали ќе даде дозвола или ќе ја одбие компанијата затоа што документацијата била некомплетна.

Последователно на личните заложби на испитаните граѓани, поставививме прашања за нивната перцепција за тоа колки и дали заедницата прави доволно за одржување на здравата животна средина граѓаните на општина Босилово. Дури 46,9% од испитаниците одговориле негативно по овој став, не биле сигурни 37,5% и 15,6% од граѓаните одговориле позитивно дека заедницата се грижи за одржување на здрава животна средина.

Испитаниците во општина Босилово изразиле коментари за недостатокот на канти за селекција и рециклирање на отпадоци, но и разгледување на можностите за изградба на регионален центар за прифаќање и преработка на отпад и шут, како и за затворање на дивите депонии. Исто така, наведена е и потребата за засилување на инспекциските контроли на територијата на општината.

Од овие препораки и коментари во делот на личните заложби на граѓаните, се префрламе на делот со запознаеност на граѓаните со активните мерки на општина Босилово. Овде на прашањето „Дали сте запознаени со конкретните мерки и активности на општина Босилово преку Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за периодот 2023-2029?“, висок процент од 81,3% од испитаниците одговориле дека не се вклучени ниту запознаени со реализација на мерките од акцискиот план на општината, а додека 18,8% одговориле позитивно дека се вклучени, се запознати и работат на спроведување на мерките од овој акциски план.

Последователно на оваа прашање вклучено беше и прашањето за финансиските импликации на активностите кои се издвојуваат за заштита на животната средина преку ЛЕАП програмата за 2023 година, на што добивме резултати од 75%  од конституентите одговориле декане се запознаени,18,8% од нив не беа се сигурни во информациите што ги имаат, а само 6,3% се изјасниле позитивно на оваа прашање.

Одговорите на граѓаните во општина Босилово на прашањето за нивната улога во одлучувањето и имплементацијата на зелените политики се поделени. Само 21,9% од нив одговориле со „Да“, додека 40,6% со „Не“, а 37,5% се изјасниле како „не се сигурни“.

Еден од последните сегменти на прашалникот наменет за граѓаните од општина Босилово, беше сегментот на анкетирање на граѓаните како општината реагира на иницијативи и забелешки од страна на граѓаните, на што дури 56,3% од конституентите сметаат дека општина Босилово е ажурна и реактивна на иницијативи и забелешки од граѓаните, неутрално одговориле 3,1%, а додека 37,5% од испитаниците од оваа општина дале негативна оцена по прашањата.

## Општина Василево

Жителите на општина Василево се свесни за еколошките предизвици кои се случуваат на територијата на општината  односно наодите од спроведеното истражување говорат дека

41.4% од испитаниците – жителите во општината се свесни за предизвиците, 34.5% дека се многу свесни , делумно свесни се изјасниле 17.2% а додека за малку свесни се изјасниле 6.9% од испитаниците.

Кога зборуваме за еколошките предизивици односно нивно мапирање и идентификација, жителите на општина Василево сметаат дека примарен еколошки предизвик на територија на општината е аерозагадувањето со високи 86.2% а потоа следи недостатокот за резиклирање, загадување на почвата, водите а како последен еколошки предизвик е губењето на зелените површини и шумски површини.




Во делот на личната ангажираност за справување со еколошките предизвици во заедницата, најниска оцена 1 се оцениле 10,3% од испитаниците, за малку ангажирани се оцениле 20,7% од граѓаните, средна оцена или повремено/делумно ангажирани се 41,4% од граѓаните, повеќе ангажирани се 20,7% и највисоко на скалата со оцена 5 или многу ангажирани граѓани за справување со еколошките предизвици се само 6,9% од конституентите од оваа општина кои одговориле на прашалникот.

Од личната ангажираност на испитаниците се префрламе на перцепцијата за колку заедницата придонесува кон заштита на животната средина, па така инерпретацијата на податоци е следна




Во овој дел добивме и дополнителни коментари од граѓаните дека е потребно подобрување на условите за фрлање на отпадоци и да се засадуваат нови зелени површини,како и предлози за субвенционирање грејни тела со цел да се намали согорувањето на штетни материи кој го користат одредени граѓани во населени места во склоп на општината.

Ги прашавме и граѓаните на општина Василево дали се запозанени со програмата на општината за животната средина како и активностите кој се направени во 2023 во истата, одговорите беа Не со 58,6% од испитаниците, 27,7% не се сигурни дека се добро информирани за темата, а запознаени со позитивен одговор одговориле 13,8%, со што како и за претходните две општини и тука го имаме истиот заклучок дека општина Василево треба да работи на промоција на програмата за годината што следува.[6]

Како надополнување на минатото прашање, беше поставено и прашањето за тоа дали општина Василево овозможува и ја подобрува транспарентноста и отеченоста пред граѓаните во врска со животната средина, на кое позитивно ни одговорија 24,1% од испитаниците, 31% не се сигурни, а негативен одговор добивме од 44,8% од граѓаните. Последователно на оваа прашање го поставивме и третираното прашање кое произлезе од првиот дел од процесот на прибирање податоци за општините а тоа е: „Дали знаете како општина Василево управува со програмите за изградба на инфраструктура, вклучувајќи ги програмите за изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и

[6] Програма за животна средина на о.Василево

реконструкција на водоводната мрежа?“ на што добивме одговор дека 44,8% од испитаниците кои не се запознаени воопшто, а останатите 55,2% не се сигурни за истото, при што не добивме ни еден позитивен одговор од испитаните граѓани од оваа општина.

Како генерален заклучок од одговорите од граѓаните на општината Василево е изразената потреба за подобрување на условите за фрлање на отпадоци и за засадување на нови зелени површини. Исто така, изнесени се предлози за субвенционирање на грејни тела за намалување на загадувањето. Што се однесува до информираноста за програмата за животната средина и транспарентноста на општината, резултатите покажуваат дека постои потреба за подобрување и промоција на програмата и за зголемување на транспарентноста пред граѓаните. Испитаниците не се задоволни со начинот на кој општината управува со програмите за изградба на инфраструктура, што покажува дека има потреба за подобрување на начинот на комуникација и управување на програмите во општината Василево.

## Општина Ново Село

Како последна од општините за која се интерпретира јавното мислење е општина Ново Село. Исто како и во останатите рурални општини, граѓани кои одговориле позитивно дека се свесни за еколошките предизвици во нивната заедница е помал.

Конкретно на прашањето „Колку сте свесни за еколошките предизвици во Вашата заедница?“, испитаниците одговориле на следниот начин




Повторно како и во другите општини, исто така и во општина Ново Село, од повеќето понудени опции на прашањето за најголем еколошки предизвик, дури 80% од испитаниците сметаат дека најголем проблем е проблемот со загадување на воздухот, што го заокружува и се унифицира најголемиот проблем во Струмичкиот микро-регион.




Оттука се поставува прашањето за тоа колку граѓаните се ангажирани да се справат со еколошките предизвици во општината и нивната заедница, со што добиваме индикатор дека голем дел од граѓаните не се ангажираат воопшто со 13,3%, и 30% од испитаниците се ангажираат многу малку. Како многу ангажирани се 16.7% од испитаниците, а додека се повремено ангажирани 30% од граѓаните и само 10% се многу ангажирани.

Во оваа општина во делот на перцепција на испитаниците колку заедницата се вклучува во решавање на предизвиците во делот на животната средина, 60% од граѓаните сметаат дека заедницата не прави доволно за здрава животна средина, за разлика од тоа 20% пак мислат дека се прави доволно, и 20% не се сигурни.

Како дополнителни коментари во овој дел испитаниците ни посочиле дека треба да се постават повеќе канти за отпадоци во општина Ново Село, со цел да не се создаваат многу диви депонии. Коментари во делот на преземање иницијативи од страна на општината во делот на пошумувањето треба да бидат преземени, но и дека општинските вкласти треба да имаат повеќе слух за предлозите од граѓаните. Исто така како проблем кој е посочен во дополнителните коментари во оваа општина е решавањето на проблемот со вода за пиење, односно поставување резервоари со вода во некои населени места во општина Ново Село.

Од овие дополнителни коментари во делот на запознаеност и отвореност на општината спрема граѓаните, го поставуваме прашањето „Дали сте запознаени со проекти и програми кои општина Ново Село ги спроведува за животна средина?“, на кое 63,3% од испитаниците одговориле негативно и дека не се запознаени, 26,7% дека не се сигурни дали постојат такви проекти и програми, а само 10% беа запознаени со програмата,со што доаѓаме до заклучок дека општина Ново Село треба да работи на промоција на истите програми.

Како и на претходното прашање слетствено и на оваа прашање 66,7% од испитаниците не беа запознаени за сретствата кој општина Ново Село ги оделува за животната средина од годишниот буџет, 20% не се сигурни колкава е висината на буџетските средства, а 13,3% беа запознаени за сретствата кој општината ги одвојува од буџетот за подобра животна средина.

Последниот сегмент од прашалникот насочен кон граѓаните на општина Ново Село е транспарентноста и отчетноста во врска со животната средина, на што 46,7% од граѓаните одговориле дека не знаат дека општината одржува транспарентност во овој дел, 30% од испитаниците не се сигурни, и позитивно одговориле 23,3% од граѓаните во делот на транспарентноста на општината.

На последното прашање „Дали се превлезмаат мерки за вклучување на граѓаните во процесите на одлучување и реализација на проекти, вклучувајќи ги и начините на споделување на информации и пристапот до нив?“, како и на предходното прашање имаме доста поделени мислења и искуства,односно 46,7% не сакаа да одговорат со да или не на прашањето, 30% одговрија со негативно односно дека граѓаните не добиле можност да се вклучат или не се вклучени во процесите, 23,3% дека некако придонеле или се дел од процесот на реализација или изработка на проекти.

## КЛУЧНИ НАОДИ

### Генерален заклучок од анкетното истражување

Заклучок од анкетниот прашалник наведува дека главниот еколошки проблем со кој се соочува Струмичкиот микро-регион, односно струмичката котлина, е аерозагадувањето. Тоа укажува на широко распространета загриженост меѓу учесниците во анкетата за квалитетот на воздухот во нивната заедница.

Податоците од анкетата исто така откриваат дека граѓаните самокритично се осврнуваат на својата неангажираност во процесите на носење одлуки или во активности за справување со еколошките предизвици во регионот. Ова укажува дека иако граѓаните се свесни за проблемите поврзани со аерозагадувањето, тие можеби не се чувствуваат доволно моќни или мотивирани да учествуваат активно во решавањето на овие прашања. Дополнително, заклучокот сугерира дека постои предизвик во комуникацијата меѓу општините и граѓаните во врска со животната средина, особено во промоцијата на програмите, проектите и иницијативите кои се однесуваат на оваа тематика. Иако постојат програми и иницијативи наменети за подобрување на квалитетот на животната средина во регионот, информациите за овие програми не се ефективно споделуваат со граѓаните или пак граѓаните не се доволно информирани за начините на кои можат да учествуваат или да придонесат кон нив.

Воопшто, овој генерален заклучок покажува дека за успешно справување со еколошките предизвици, особено со аерозагадувањето, е потребно подобрување на ангажманот и учеството на граѓаните, како и подобрување на комуникацијата и промоцијата на еколошките програми и иницијативи од страна на локалните власти.

## Генерални заклучоци и препораки за општина Струмица

Основните приоритети и еколошките проблеми во општина Струмица кои е потребно да бидат идентификувани и адресирани вклучуваат неколку сегменти:

1. **Загадување на воздухот:** Како што е нотирано преку анкетата, загадувањето на воздухот е примарен проблем за граѓаните на општина Струмица. Потребно е да се преземат мерки за намалување на емисиите на штетни гасови и честите извори на загадување, како што се возилата, домаќинствата и индустријата.

2. **Управување на отпадот во општината**: Конституентите изразуваат потреба за подобрување на управувањето на отпадот, вклучувајќи го поставувањето на канти за отпади на прометни места и воведување на селективно собирање на отпадот.

3. **Инспекциски надзор и санкции:** Потребно е зголемување на инспекциските надзори и примената на санкции за непослушните компании или граѓани кои предизвикуваат загадување на животната средина.

4. **Едукација и подигање на свеста: е**дукацијата и подигањето на свеста се критични за подобрување на состојбата на животната средина во општина Струмица. Неопходно е да се поддржат широки кампањи и образовни иницијативи кои ќе ги акцентираат значењето на рециклирањето, селектирањето на отпади и основната одговорност кон животната средина. Иако механизми за ова се достапни во општината, истите не се користат соодветно ниту се промовираат. Оваа активна ангажираност треба да има за цел да ги освести граѓаните за нивната улога во одржувањето на здрава и одржлива животна средина.

5. **Учество на граѓаните**: Потребно е да се изнајдат механизми за информирање за вклучување на граѓаните во процесите на одлучување и мониторирање на програмите и проектите за животната средина. Ова може да се постигне преку поголема транспарентност и споделување информации како на јавните гласила на општината и нејзините социјални медиуми, но и преку традиционалните методи на известување прилагодени за повеќе возрасти. Исто така во овој дел потребно е да се нотира дека освен општината и граѓаните треба да го подобрат својот удел во делот на заштита на животната средина.

6. **Информирање и промоција на мерките:** Општината треба да работи на подобрување на информираноста на граѓаните за програмите и мерките што ги спроведува во областа на животната средина.

Овие идентификувани приоритети и проблеми, доколку прифатени и следени од страна на целокупното општество (заедницата и локалната самоуправа) ќе овозможи разработка на акции и програми што ќе доведат до подобрување на еколошката состојба во општина Струмица.[7]

## Генерални заклучоци и препораки за општина Босилово

Според информациите достапни на оваа истражување, во општина Босилово, еколошките предизвици и проблеми се слични на оние во општина Струмица, со аерозагадувањето и креирањето на диви депонии како главни предизвици. Приоритетите и проблемите што треба да бидат идентификувании адресирани во општина Босилово вклучуваат:

1. **Управување со отпад:** Неопходно е да се подобри управувањето со отпадот преку поставување на канти за селективно собирање на отпадот и изградба на регионален центар за прифаќање и преработка на отпад и шут. Исто така, треба да се затворат дивите депонии и да се засил инспекцискиот надзор.

2. **Заштита на животната средина од индустриски активности:** Според констиуентите на оваа истражување, потребно е да се спречи отварањето на рудникот Иловица/Штука, кој понатаму би допринесе кон загадувањето на почвата, водите и воздухот во регионот.

3. **Подигање на свеста и едукација:** Во општина Босилово, потребно е да се спроведат образовни кампањи кои ќе бидат насочени и креирани и прилагодени за сите возрасти на граѓани во оваа општина. Граѓаните имаат потреба да се запознаат со значењето на селективното собирање на отпадот, принципите на рециклирање и важноста на чистата животна средина. Овие кампањи општината и засегнатите страни кои би придонеле кон креирање на истите тие кампањи и едукација, треба да земат во обзир дека истите треба да бидат широко достапни и да се обезбеди

[7] Врз основа на наодите од спроведените две фокус групи со засегнати страни спроведени во рамки на овој проект, низ дискусија се истакнуваат главните еколошки предизвици со кои се соочува заедницата, а тоа се аерозагадувањето и неодговорното управување со отпадот. Основниот заклучок што може да се извлече е дека и покрај знаењето и разбирањето на проблемите поврзани со животната средина, постои значителна потреба од поголема активност и подобра координација меѓу различните заинтересирани страни, вклучувајќи ги граѓаните, организациите и институциите. Иако постојат значителни напори од страна на некои организации и поединци за адресирање на еколошките проблеми, сè уште постои критична потреба од засилена колективна акција, подобра едукација и ангажман, како и повеќе прозорливост и ангажман од страна на институциите за ефикасно решавање на овие проблеми.

образовна програма која ќе биде прилагодена за различните возрасни групи од општината.

4. **Интензивирање на комуникацијата:** Локалните власти треба да унапредат комуникацијата со граѓаните за програмите и активностите поврзани со животната средина, како и за конкретните мерки во Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП). Информациите треба да бидат достапни и пристапни за сите граѓани. Ова може да се постигне преку поголема транспарентност и споделување информации како на јавните гласила на општината и нејзините социјални медиуми, но и преку традиционалните методи на известување прилагодени за повеќе возрасти.

5. **Учество на граѓаните во одлучувањето:** Граѓаните треба да бидат активно вклучени во процесите на одлучување и имплементација на зелените политики во општината. Ова може да се оствари преку консултации, јавни форуми или формални механизми за учество.

Овие идентификувани приоритети и проблеми, доколку прифатени и следени од страна на целокупното општество (заедницата и локалната самоуправа) ќе се овозможи општина Босилово може да направи значителни чекори во подобрување на еколошката состојба и заштита на животната средина во регионот.

## Генерални заклучоци и препораки за општина Василево

Идентификување и адресирање на приоритетите и еколошките проблеми во општина Василево се генерално слични како и оние на општина Струмица и општина Босилово. Од нив издвојуваме:

1. **Образовни кампањи и едукација:** Неопходно е да се организираат и спроведат образовни кампањи за граѓаните на сите возрасти во општина Василево. Овие кампањи треба да го засили сензибилизирањето за значењето на селективното собирање на отпадот, рециклирањето и одржувањето на здрава животна средина.

2. **Загаденост на воздухот:** Голем дел од испитаниците изразиле загриженост поради загаденоста на воздухот. Потребно е да се преземат мерки за намалување на загадувањето со воздух, вклучувајќи јавни кампањи за подигање на свесноста, но и подобрување на инфраструктурата за намалување на емисиите и строги контроли на загадувачите. Ова особено се однесува на контролата врз индустријата присутна на територијата на општина Василево.

3. **Управување со отпад:** Граѓаните генерално изразуваат загриженост за управувањето со отпадот, вклучувајќи фрлање на отпадоци и можни еколошки последици од грејните тела и материјали кои ги користат субјектите од индустријата во општина Василево. Општината треба да имплементира програми за селективно собирање на отпадот, изградба на регионални центри за преработка на отпад и подобрување на инспекциските контроли врз загадувачите.

4. **Подобрување на информираноста и транспарентноста**: Важно е да се нотира изразената несигурност и недоверба на граѓаните во однос на информираноста за активностите и програмите на општината поврзани со животната средина. Во овој дел општина Василево треба да работи на подобрување на комуникацијата и транспарентноста, обезбедувајќи јасни информации за програмите и активностите што се преземени. Ова може да се постигне преку поголема транспарентност и споделување информации како на јавните гласила на општината и нејзините социјални медиуми, но и преку традиционалните методи на известување прилагодени за повеќе возрасти.

## Генерални заклучоци и препораки за општина Ново Село

Според идентификуваните приоритетите и еколошките проблеми во општина Ново Село ги адресираме следнове приоритети на кои општината треба да работи:

1. **Загаденост на воздухот:** Како што покажуваат резултатите од истражувањето, проблемот со загаденоста на воздухот е најголем еколошки предизвик и за граѓаните од општина Ново Село. Потребно е да се преземат мерки за намалување на емисиите и контрола и идентификација на загадувачите. Во овој сегмент за подобрување на состојбата со аерозагадувањето потребно е освен инспекциски надзори, да се вклучат и јавни кампањи за подобрување на состојбата на животна средина.

2. **Управување со отпадот:** Приоритет и во општина Ново Село, е да се подобри системот на управување со отпадот на општинско ниво, вклучувајќи програми за селективно собирање на отпадот, изградба на центри за преработка и подобрување на инспекциските контроли за спречување на дивите депонии.

3. **Управување со водите:** Проблемот со водоснабдувањето и решавањето на проблемите со вода за пиење треба да биде еден од поглавните приоритети на оваа општина. Проблемите на граѓаните со водоснабдувањето, како и загадувањето на водните извори, за граѓаните се се поизразени. За да се реши ова, треба да се изгради поодржлива инфраструктура за водоснабдување во населените места и да

се инсталираат дополнителни резервоари за вода за подобрување на капацитетот и достапноста на вода за граѓаните. Освен ова, треба да се преземат мерки за заштита на водните извори и регулирање на загадувањето на истите, како и да се инвестира во технологии и програми за обработка на отпадните води.

4. **Образовни кампањи и едукација**: Неопходно е да се организираат кампањи и едукации за граѓаните, вклучувајќи ги сите возрасти, за значењето на одржувањето на здрава животна средина и практики за неговото заштита.

5. **Подобрување на транспарентноста и учество на граѓаните**: Општината треба да работи на подобрување на транспарентноста и учеството на граѓаните во одлучувањето и реализацијата на проекти. Овозможување на поголем пристап до информации и постојана комуникација со граѓаните може да допринесе кон подобрување на управата за животната средина во општината. Важно е да се нотира дека за да се подобри достапноста, промоцијата и транспарентноста, официјалната веб страница на општина Ново Село (novoselo.gov.mk) да биде полесно достапна преку пребарувачите на интернет. Во моментов, за да се пристапи до неа, мора да се пребараат клучни зборови за општина Ново Село преку веб страницата на Агенцијата за Заштита на Правото на Слободен Пристап до Информациите од Јавен Карактер. Притоа, треба да се овозможи директен пристап до неа преку пребарувачите за подобро и поефикасно користење.

## Генерални препораки и завршни согледувања за состојбата на животната средина во Струмичкиот микро-регион

Според генералниот заклучок од анкетата и спроведените фокус групи, препораките издвоени за сите општини поединечно, би сакале да нотираме три главни препораки за подобрување на еколошката состојба во Струмичкиот микро-регион кои се заеднички за сите четири општини:

**Активирање и вклучување на граѓаните:** Потребно е да се стимулира и поддржи активното учество на граѓаните во процесите на носење одлуки и во активности поврзани со решавање на еколошките предизвици. Ова може да се постигне преку различни механизми за учество и дијалог, како и креирање на платформи за споделување или креирање на идеи и предлози кои понатаму би се користеле за планирање на идни активности и планови на општините во делот на заштита на животната средина.

**Подобрување на комуникацијата:** Локалните власти треба да работат на подобрување на комуникацијата со граѓаните за програмите, проектите и иницијативите поврзани со животната средина. Информациите за овие активности треба да бидат достапни, пристапни и разбирливи за сите граѓани. Забележано преку ова истражување е дека и

четирите општини се соочуваат со проблем на искористување на нивните достапни канали за комуникација, кај некои од општините дури и нивните веб страни не се во функција ниту пак содржат јавно достапни информации за мерки и програми во оваа сфера.

**Подигање на свеста:** Креирање кампањи и иницијативи за подигање на свеста за значењето на рециклирањето, селектирањето на отпад и одговорното однесување кон животната средина е потребно да се поддржат и зголемат на број кај сите општини. Оваа препорака вклучува и едукација на различни нивоа, како во училишта, така и преку јавни кампањи достапни до сите граѓани преку јавните гласила на општините, медиуми и офлајн кампањи.

Сумарно, заклучокот од истражувањето во сите четири општини (Струмица Босилово, Василево и Ново Село) покажува дека **аерозагадувањето** е главен проблем што ги засега сите заедници. Значителна загриженост постои во заедницата за квалитетот на воздухот и потребата за преземање на мерки за мапирање, намалување и казнување на загадувачите, а со тоа и намалување на штетните емисии во воздухот.

Дополнително, во сите четири општини се откри **проблемот со управувањето на отпадот** како значителен предизвик. Подобрување на системот за собирање, преработка и рециклирање на отпадот во овој микро-регион е неопходно да се реализира со цел намалување на дивите депонии и заштита на животната средина.

Следствено, **управувањето на водните ресурси** се појавува како предизвик во две од четири општини (Василево и Ново Село). Овие општини потребно е да работат на подобрување на водоснабдувањето и решавање на проблемите со вода за пиење кај граѓаните.

Центар за истражување и анализи НОВУС – Струмица

Ул. Васил Сурчев бр.56, Струмица

Е-пошта: contact@associationnovus.org

Веб адреса: https://associationnovus.org